МЛАД БОРЕЦ, 11.3.1965, 8, 9,



*Крсто Хегедушиќ: Повик*

*ЛИКОВЕН ЖИВОТ*

# БОГАТА ПРИРЕДУВАЧКА ДЕЈНОСТ

**● (МУЗЕЈОТ НА СОВРЕМЕНАТА УМЕТНОСТ — АФИРМАЦИЈА НА МАКЕДОНСКАТА ЛИКОВНА УМЕТНОСТ ВО СТРАНСТВО)**

МУЗЕЈОТ на современата уметност во Скопје, кој во текот на минатата година презентирајќи уметнички остварувања на наши и странски уметници се афирмира како многу значаен фактор во организирањето и збогатувањето на ликовниот живот, и оваа година за љубителите на ликовната уметност предвидува да организира неколку интересни изложби. Меѓу ликовните манифестации кои го сочинуваат овогодишниот план за приредувачка дејност на оваа уметничка установа, несомнено најзначајно место зазема големата изложба на сите дела што досега му се подарени на Музејот. Во рамките на оваа изложба што ќе биде отворена на 26 јули најверојатно во Скопското сајмиште ќе бидат изложени и сликите од италијанските уметници со кои имавме можност да се запознаеме на неодамнешната меѓународна ликовна приредба „Скопје — Вајонт“, а меѓу скулптурите ќе биде прикажан и најновиот подарок — рељефната слика работена во железо и со современа техника од унгарскиот уметник што живее во Швајцарија Золтан Кемени, добитник на првата награда за скулптура на Биеналето во Венеција минатата година.

Музејот на современата уметност во Скопје од фондот на подарените дела ќе организира и посебна изложба на странски графики, која како што се предвидува ќе биде пренесена и во некои градови од внатрешноста на нашата Република.

Покрај ова, уште во текот на овој месец љубителите на ликовната уметност во Скопје ќе имаат можност да се запознаат и со делата на познатиот словенечки сликар Јанез Берник, а посебно доживување и поцелосно запознавање со развитокот на словенечкото ликовно творештво секако ќе претставува изложбата на словенечката уметност.

Меѓу изложбите на наши уметници што во текот на оваа година ќе ги организира Музејот на современата уметност треба да се споменат и самостојната изложба на сликарот Стојан Ќелиќ од Белград, ретроспективната изложба на цртежи од македонскиот сликар Никола Мартиновски и изложбата на македонскиот скулптор Петар Хаџибошков.

Настојувајќи и натаму нашата публика да ја запознава со ликовните постигања во странство, покрај двете изложби на подарени дела Музејот на современата уметност во Скопје ќе приреди и заедничка изложба на десет италијански уметници за што веќе се водат преговори преку студиото „Маргута“ во Рим. Освен тоа, сега се во тек и преговорите за гостување на американската сликарка Сара Шерман, која годинава ќе излага во повеќе европски земји и, како што се предвидува, ќе присуствува на отворањето на својата изложба во Скопје. Изложбата на Сара Шерман ќе биде организирана преку римската галерија „Пенелопе“, со која како и со ликовното студио „Маргута“ Музејот одржува постојани врски.

Покрај ова, Музејот на современата уметност во Скопје во текот на оваа година ќе организира и неколку изложби на наши уметници во странство. Така, во римското ликовно студио „Маргута“ ќе гостуваат десет македонски сликари, со што ќе им биде вратена посетата на десетте италијански сликари, а преговори се водат и за самостојна изложба на нашиот наивен сликар Вангел Наумовски од Охрид, која најверојатно ќе биде организирана во идниот месец. Тројца уметници од Македонија ќе излагаат како гости и во римската галерија „Пенелопе“. Дела на македонски уметници ќе бидат излагани и во Лондон, Нинберг, Штудгард и Берлин.

Сево ова ќе претставува еден посистемен и посериозен чекор кон презентирањето и пошироката афирмација на македонската ликовна уметност во странство.

Ваквата многустрана активност на Музејот на современата уметност во Скопје ќе придонесе љубителите на ликовната уметност во Скопје и останатите градови во нашата република да се запознаат со најновите достигнувања на современата уметност во светот. На тој начин во главниот град на нашата република ќе се развие интензивен ликовен живот во чии рамки ќе имаме можност да ги видиме најновите струења во сликарството. Сето ова на Скопје ќе му даде значаен белег како град — љубител на уметноста. Исто така Музејот на современата уметност ќе одигра значајна улога во подигнувањето на ликовната култура кај нас и зголемување на бројот на пасионираните љубители на ликовната уметност.

Музејот на современата уметност во Скопје ќе одигра значајна улога и во презентирањето и афирмирањето на македонската ликовна уметност во странство. Поголемиот број изложби на нашите ликовни уметници во големите светски метрополи ќе ги откријат досегашните постигнувања на нашите ликовни уметници и ќе го зголемат интересот на странските уметници за богатата колоричност на нашето поднебје. Заради сето ова со најголеми интересирања ги очекуваме наредните изложби што ќе ги организира Музејот за современата уметност во Скопје.

К. БУЈУКЛИЕВ